Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 15.02.2020

На 14.02.2020 во периодот од 19.00 до 20.40 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Тетово извршиле претрес во домот и помошните простории на К.А.(21) во Тетово. При претресот биле пронајдени и одземени неколку пакувања со прашкаста материја и дигитална вага. По целосно документирање на случајот, против К.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.02.2020 во периодот од 16.15 до 17.30 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Тетово извршиле претрес во домот и помошните простории на С.И.(22) во Тетово. При претресот биле пронајдени и одземени дигитална вага со остатоци од бела прашкаста материја и најлонска кеса со остатоци од марихуана. По целосно документирање на случајот, против С.И. биде поднесена соодветна пријава.

На 14.02.2020 во периодот од 15.15 до 17.45 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Тетово, во содејство со полициски службеници со службено куче од Единицата за службени кучиња, извршиле претрес во домот и помошните простории на М.Л.(35) во Тетово. При претресот биле пронајдени и одземени марихуана, дигитална вага, воздушна пушка „Џијана" без серириски број, шест куршуми калибар 7,62мм и една запалка за рачна бомба. Пред започнување на претресот, во дворот дошол и С.И.(22) од Тетово, кај кого подоцна, исто така, бил извршен претрес и, откако полициски службеници се обиделе да извршат преглед над него, во устата ставил неколку кесички со марихуана и бела прашкаста материја. Полициските службеници успеале да извадат дел од нив, додека дел ги проголтал, по што бил пренесен во Клиничката болница Тетово. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.02.2020 во 03.15 часот во просторите на Полициската станица Кисела Вода, поради основано сомнение за сторено кривично дело по член 239 став 1, а во врска со член 242 од Кривичниот законик, од слобода бил лишен М.Е.(23) од Р.Србија. Тој бил задржан за понатамошна постапка.

Во периодот од 23.00 часот на 14.02.2020 до 02.30 часот на 15.02.2020, полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во угостителски објект на ул.„Страшо Пинџур", сопственост на А.Б.(42). Притоа, во објектот биле затекнати две македонски државјанки и осум странски државјанки, сместени во објектот. Сите странски државјанки поседувале Потврди за пријава на работна дејност од Агенција за вработување и Согласност за регулирање на престој на странец од Министерство за економија. На сепарето каде што биле сместени лицата биле пронајдени марихуана и бела прашкаста материја. Сите 10 лица се приведени во СВР Тетово и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.02.2020 околу 20.50 часот на автопатот Скопје - Куманово, поточно кај клучка Куманово, полициски службеници од Мобилна единица на граничната полиција од слобода го лишиле Х.К.(21) од с.Рашче, скопско, затоа што во товарното возило „цитроен", со гостиварски регистарски ознаки, што го управувал, биле пронајдени 31 лице - мигранти, од кои 21 - државјани на Пакистан, 4 - државјани на Сирија и 6 - државјани на Авганистан. Х.К. бил приведен во СВР Куманово за понатамошна постапка, а мигрантите се сместени во Транзитен центар Табановце. По целосно документирање на случајот, против Х.К. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2020 во 04.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на ул.„Здравска магистрала" во Скопје влегле четири вооружени лица и почнале да пукаат кон присутните, при што го погодиле В.Х.(22) од Косово, кој починал на местото. Додека, според пријавеното, Б.Н.(20) од с.Крушопек, скопско, ангажиран како приватно обезбедување во казиното, со кундак бил удрен во главата, по што и тој починал. Според пријавеното, потоа од касата го одзеле дневниот промет и заминале. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за расчистување на случајот.

На 13.02.2020 околу 20.10 часот во Полициската станица Струга, С.С.(54) од Струга пријавил дека на земјен пат пред неговиот дом на ул.„Едвард Кардељ" забележал неексплодирана рачна бомба од Втората светска војна. На 14.02.2020 бил извршен увид, а бомбата била безбедно подигната од овластено лице од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 14.02.2020 во 08.50 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на депонија „Мелци" - Кавадарци била пронајдена експлозивна направа. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека станува збор за артилериско зрно 75мм. Од страна на одговорно лице од Дирекцијата за заштита и спасување експлозивната направа била безбедно подигната за понатамошна постапка.

Одделението за внатрешни работи Струга поднесе кривична пријава против К.Л.(33) од струшко село Ливада, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „убиство" и „убиство во обид", како и против Е.О.(39) од истото село, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". На 14.08.2017, првопријавениот К.Л. на летна тераса од угостителски објект во Струга, со револвер го лишил од живот Д.Б. (58) од струшкото село Велешта, а потоа пукал и кон А.Б.(41) од Струга и Б.С.(28) од с.Велешта. Второпријавениот Е.О., со патничко возило „мерцедес", со швајцарски регистарски ознаки, по претходен договор со сторителот, го однел во угостителскиот објект.

На 14.02.2020 во 12.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје, на Средно Водно го лишиле од слобода Д.Р.(24) од Скопје, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во Полициската станица Карпош и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.02.2020 во 17.15 часот било пријавено дека во зградата на „Меѓународен Аеродром Скопје", на шалтер бр.14, Е.В.(29) од Р.Албанија со тврд предмет физички го нападнал Т.Р.А.П.Р.(43) од Франција, офицер за врски од Француската амбасада во Скопје, кој вршел дополнителни проверки за условите за патување на странци за Европската Унија и Шенген држави. Според пријавеното, Е.В. заедно со неговата сопруга и со нивното малолетно дете се пријавил да патува за Барселона, поради здравствени прегледи на детето, а бил незадоволен од тоа што францускиот претставник не му дозволил да патува во Европската Унија, со образложение дека не ги исполнувал општите услови за влез во ЕУ. Е.В. бил приведен во Полициската станица за Граничен премин „Меѓународен Аеродром Скопје", а во 21.10 часот бил предаден на полициски службеници од Полициското одделение Петровец за понатамошна постапка.

На 15.02.2020 околу 03.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Анастас Митрев" во Скопје, по претходна расправија, Г.М.(29) од Скопје, со уште неколку лица, физички го нападнале Д.Д.(31) од Скопје, по што побегнале. Набргу потоа, полициски службеници ги пронашле и во Полициската станица Аеродром ги привеле Г.М., Т.Д.(27) од Скопје и Ј.М.(27) од Скопје. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.02.2020 во 04.00 часот во СВР Скопје, Д.С.(29) од Скопје пријавил дека околу 03.50 часот на ул.„Мирослав Крлежа" бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.02.2020 околу 11.00 часот на регионалниот пат Кратово-Пробиштип, во близина на станица за технички преглед, на место викано „Еленина глава", полициски службеници го лишиле од слобода Д.К.(28) од с.Шлегово, кратовско, поради тоа што се однесувал агресивно и со шрафцигер се обидел да нападне полициски службеници кои вршеле службени дејствија, а на еден од нив се обидел да му го одземе службениот пиштол. Д.К. бил приведен во Полициската станица Кратово, а по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.02.2020 во 11.11 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека со тешки телесни повреди кај нив била донесена Л.П. од Скопје. Според пријавеното, таа се повредила на работно место, во продавница на бул. „Трета македонска бригада" во Скопје. Увид бил извршен од екипа на СВР Скопје.

На 14.02.2020 околу 13.00 часот во СВР Битола било пријавено дека во експозитура на банка на ул.„Партизанска" во Битола, П.П.(78) од Битола бил нападнат и повреден од лице вработено како обезбедување во банката. Според пријавеното, П.П. со уште неколку лица изразиле незадоволство поради затворање на еден од шалтерите, а по упатеното предупредување лицето од обезбедување го исфрлил П.П. надвор од банката, при што П.П. се здобил со тешка телесна повреда. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.02.2020 било пријавено дека во периодот од 14.00 часот на 13.02.2020 до 07.00 часот на 14.02.2020 во поштата во општина Кончe, непознат сторител со употреба на сила и погоден предмет влегол внатре и одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.02.2020 во 14.30 часот во СВР Скопје, Т.А.(50) од Скопје пријавил дека на плоштад „Македонија" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 14.02.2020 околу 23.00 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека во куќа сопственост на Р.А.(50) на ул.„Боге Велјаноски" настанала расправија помеѓу него и неговата сопруга С.А.(47). Според пријавеното, притоа Р.А. зел нож, а С.А. сакајќи да му го одземе ножот, се исекла и се здобила со повреди на десната рака. Исто така, според пријавеното, нивниот син А.А.(22) се обидел да ги раздели, но и тој се исекол од ножот на левата рака. Двајцата биле пренесени воУргентен центар Гостивар за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Гостивар и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.02.2020 во 15.00 часот во Одделението за внатрешни работи Прилеп, 32-годишна жена од прилепско село пријавила дека нејзината малолетна ќерка била уценувана од лице од Скопје. Според пријавеното, лицето го уценувало девојчето дека ќе објави нејзини фотографии на социјалните мрежи доколку не остварат средба. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.02.2020 во 21.30 часот во Полициската станица Чаир, од дом во с.Визбегово било пријавено дека од домот самоволно се оддалечил нивниот штитеник К.Д.(14) од Кавадарци, кој и претходно во повеќе наврати самоволно го напуштал домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 14.02.2020 во 14.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Г.П.Т.(29) од Скопје пријавила дека на ул.„Рафаело Батино" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 14.02.2020 во 15.00 часот во Полициското одделение Петровец, С.М.(49) од с.Трубарево пријавила дека од домот на О.Б. од с.Чојлила, општина Петровец, каде што била последен пат, се оддалечила нејзината ќерка Е.М.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 14.02.2020 околу 11.30 часот во СВР Скопје, Б.И.(77) од Скопје пријавил дека на ул. „Бранислав Нушиќ" во Скопје бил каснат од куче скитник на левата надколеница.

На 14.02.2020 во 15.22 часот во СВР Скопје било пријавено дека во заложна куќа на ул. „Франклин Рузвелт" во Скопје едно лице со закана со пиштол од вработениот одзел пари и побегнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет